**Изложба „19“ од Христина Зафировска**

**во Ликовната галерија отворена е изложбата “19„ од Христина Зафировска, што е поддржана од Министерството за култура во годишната програма за 2021.(16 7. – 4.8.2021)**

Академската сликарка Христина Зафировска, преку својот циклус од 19 дела на тема „Ковид“,на апстрактен и сликовит начин ни го прикажува реалното и невидливото со голо око, поттикнатаод промените на животниот тек, настанати од пандемијата. Целиот серијал од 19 епизоди кои се тесно поврзани меѓу себего интерпретира биолошкиот кружен строеж на вирусот, неговото создавање, виреење, проширување и пренесување.

**- Креативните дела од овој циклус се изработени во акрилна техника - мал формат, симболизирајќи ја микроскопската големина на вирусот,кои се надополнети со мали парчиња кои се пробиваат низ површината. Во кружниот, квадратниот и триаголниот простор со мирни потези нанесени се глатки брановидни и испрекинати линии – патот по кој вирусот се движи, а точкастите сегменти иницираат на циркулацијата и ширењето на вирусот. Во секое дело применет е широк опсег на форми со кои авторката ги паралелизираваријациите на микросветот, а таквиот начин на изразување може да се види и во многу претходни нејзини циклуси и изложби....Преку бојата, формата и начинот за визуелно претставување на делата го следиме уметничкиот стил на Зафировска, кој што заслужено може да се категоризира како дел од модернатаапстрактна уметност.. Нејзиниот концентриран фокус покажува кон спремност за експериментирање со нови фантастични облици, кои ќе бидат пандан на фигуративната структура на вирусот кој прерасна во реална закана врз човештвото во 21 век – вели м-р Билјана Галоска за творештвото на Зафировска.**

**{AG}19{/AG}**

Христина Зафировска работи во полето на сликарството, графичкиот дизајн,мозаикот, ѕидното сликарство, инсталацијата, сценографијата,цртежот, фотографијата и видеото;

Активно учествува на локални и регионални проекти, пограничени соработки од обласа на културата. Дел е од многубројни проекти, саеми на уметност, симпозиуми, фестивали, работилници, групни претставувања на Балканот, низ Европа и пошироко.